ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НАРЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
В.Д. ДИРЕКТОР: Асс. Д-р Шабан МЕМЕТИ

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПОВРЕДИ НА РАБОТА 2014-2015

Скопје, 2016

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПОВРЕДИ НА РАБОТА 2014-2015

**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НАРЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**В.Д. ДИРЕКТОР: Асс. д-р Шабан МЕМЕТИ**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕДИЦИНА НА ТРУД И ПРОЦЕНКА НА ЗДРАВСТВЕНИ РИЗИЦИ**
**НАЧАЛНИК: Проф. д-р Елисавета СТИКОВА, специјалист по медицина на труд**

**ПОДГОТВИЛ:**
**Цветанка Атанасовска, специјализирана медицинска сестра по семејна и патронажна грижа**

**СОРАБОТНИЦИ:**
**Д-р Анита Цветковска, специјалист по медицина на труд**
**Д-р Фљамуре Зекири Кека, специјалист по медицина на труд**
**Сабиха Старова, дипл. медицинска сестра**

**Статистичка обрабока:**
**Јасмина Тахири, самостоен медицински статистичар**

**Техничка обработка:**
**Борче Андоновски**
**Сузана Дунгевска**
**Центар за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација**

**Скопје, декември 2016**

## ВОВЕД

Повредите на работа и професионалните болести се директно поврзани со карактеристиките на работниот процес и условите на работното место. Анализата на достапните здравствено-статистички индикатори покажува дека секоја минута поради повреда на работа или професионална болест умираат 4 работници, што претставува вкупно 2,2 милиони регистрирани смртни случаи годишно во светот. Околу 1,7 милиони од овие смртни случаи се поради професионални болести и околу 350.000 поради повреди на работа.

Според податоците на Меѓународната организација на трудот (МОТ), секоја година се регистрираат 270 милиони повреди на работа со отсуство од работа подолго од 3 денови и 160 милиони професионални болести. Околу 30-40% од нив минуваат во хронични и иреверзибилни состојби, а 10% се поврзани со целосен и траен губиток на работната способност. Светската здравствена организација известува дека повредите на работа и професионалните болести учествуваат со 0,9% во вкупното оптеретување со болест, што е еднакво на 13,1 милион изгубени години на живот (DALYs).

Во земјите на Европската Унија на секои три ипол минути умира по еден работник поради причини што се поврзани со работата. Тоа значи дека секоја година умираат 159.500 работници поради професионлни болести и дополнително уште 7.500 поради повреди на работа. Годишно се регистрираат околу 7 милиони повреди на работа, што значи дека 3,2% од работничката популација во ЕУ се повредува во текот на една година. Дури 10% од повредите се случуваат во сообраќајни несреќи поврзани со работата. Секоја година се губат 14 милиони работни денови, а директните трошоци само за осигурување поради повреди на работа надминуваат 20 милијарди евра годишно. Проблемот е особено нагласен во малите и средни претпријатија што вработуваат помалку од 50 работници.

Поради професионални или болести поврзани со работа, како и поради повреди на работа, 2,6% од вработените отсуствувале од работа подолго од еден месец.

Постојат повеќе од 150 физички, хемиски и биолошки агенси што се класифицирани како професионални канцерогени на кои се изложени околу 20-30% од машката и 5-20% од женската професионално активна популација. Секој 10-ти случај на карцином на трахеата, бронхот и белите дробови, како и секој 4-ти случај на леукемија имаат професионална етиологија.

Се проценува дека секоја година во земјите на ЕУ умираат по 74.000 работници поради професионална изложеност на хемиски супстанции, што е за 10 пати повеќе од регистрираните повреди на работа.

Анализата на учеството на професионалната експозиција во вкупното оптеретување со болест покажува дека 5-18% од сите случаи на астма и 14% од случаите на хронична белодробна опструктивна болест (ХОББ) имаат професионална етиологија.

Професионалната експозиција на бучава е причина за губиток на слухот кај 16% од оние кои имаат проблеми со слухот, што претставува 0,3% од вкупното оптеретување со болест.

Директните трошоци за дијагноза, лекување и рехабилитација на повредите на работа и професионалните болести значајно го оптоваруваат здравствениот систем, а индиректните трошоци поврзани со отсуството од работа, изгубената работна способност и намалената продуктивност претставуваат дополнително оптоварување на националните буџети на секоја земја.

Според податоците на Европската агенција за здравје и безбедност на работа, професионалните болести и повредите на работа, кои се последица на несоодветно организираниот систем за безбедност и здравје на работа, ја чинат секоја земја меѓу 2,6-3,8% од бруто националниот доход (GDP).

Овие бројки претставуваат основа за сериозна загриженост, а проблемот дополнително нараснува ако се има предвид дека голем број професионални болести и повреди на работа остануваат недијагностицирани и нерегистрирани. Токму поради тоа нивната евиденцијата бара комплексно и мултидисциплинарно ангажирање на сите фактори кои го чинат сложениот ланец на трипартитно решавање на проблемите за здравје и безбедност на работа.

Оваа информација има за цел да укаже на состојбите со евиденцијата, регистрацијата и пријавувањето на повредите на работа и професионалните болести и да предложи мерки за надминување на состојбите.

## ДЕФИНИЦИЈА НА ПОВРЕДИ НА РАБОТА И ПРОФЕСИОНАЛНИ БОЛЕСТИ

Постојат повеќе различни дефиниции за несреќи и повреди на работа. Меѓународната организација на трудот во Резолуцијата за статистичка обработка на повредите на работа што се последица на несреќите на работа од 1998 година, ги дава следните дефиниции:

а) ***Несреќа на работа**:* неочекуван и непланиран настан, вклучувајќи и акт на насилство, кој е поврзан со работата и предизвикува повреда, болест или смрт на работникот;
б) ***Несреќа на пат:*** несреќа која се случува на вообичаениот пат при доаѓање или враќање од работа, од професионална обука и други вообичаени активности што се поврзани со работата, а за кои е потребно патување;
в) ***Повреда на работа:*** повреда, болест или смрт на работникот што е последица на несреќа на работа;
г) ***Неспособност за работа:*** неспособност на работникот што бил повреден да ги обавува нормалните работни задачи кои ги обавувал пред повредата.

Според Методологијата за усогласување на статистиката за несреќи при работа (ESAW), која е резултат на заедничка активност на ЕУРОСТАТ и Директоратот на Европската Комисија за вработување и социјални прашања, несреќа при работа се дефинира како "настан во текот на работата кој резултирал со физичка или ментална штета". Ова ги вклучува и случаи на акутно труење или намерни дејствија од страна на други лица, како и несреќите што се случуваат за време на работа, но се надвор од просториите на претпријатието. Според оваа методологија во повреди на работа не спаѓаат повредите предизвикани на пат од работа до дома и обратно (commuting accidents).

Треба да се нагласи дека според Европската методологија за несреќи на работа, под несреќа со фатален исход е дефинирана несреќа која резултира со смрт на жртвата во текот на една година од случување на несреќата.

Дополнителен критериум за вклучување во хармонизираниот систем за известување за повреди на работа со кој инидректно се утврдува тежината на повредата на работа е и отсуството од работа поради настаната повреда на работа. Така, според Европската методологија при статистичката обработка, а со цел да се обезбедат компарабилни податоци, се анализираат само оние повреди на работа за кои е утврдено отсуство од работа подолго од 3 денови.

## ДЕФИНИЦИЈА НА ПОВРЕДА НА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Според Законот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, под повреда на работа се подразбира повреда која е предизвикана од непосредно и краткотрајно механичко, физичко или хемиско дејство, како и повреда која е причинета со нагли промени во положбата на телото, ненадејно оптеретување на телото или со други промени на физиолошката состојба на организмот, ако таквата повреда причински е поврзана со вршењето на работите на работното место.

Под повреда на работа се подразбира и повреда која настанала на редовниот и вообичаен пат од местото на живеење до работа и обратно, на службен пат, како и во други услови што се поврзани со доаѓањето на работа или користењето на право на професионална рехабилитација.

Како повреда на работа според овој Закон се смета и заболување на работникот што настанало непосредно и како исклучителна последица на некој несреќен случај или од виша сила за време на вршење на работата или во врска со неа. Во оваа категорија спаѓаат акутните труења на работа, пред се поради фактот дека настануваат како последица на непосредни и краткотрајно дејство на хемискиот штетниот фактор од работната средина.

Од ова јасно произлегува дека недостасува целосно усогласување на дефиницијата за повреда на работа и критериумите според кои се врши известување и статистичка обработка на повредите во Република Македонија, со оние кои се препорачуваат од Меѓународната организација на трудот и се користат во земјите на Европската унија.

Таа неусогласеност се однесува на фактот дека под повреда на работа кај нас се признава секоја повреда, независно дали кај повредениот работник е утврдена привремена спреченост за работа (боледување) и колку тоа траело. Втората неусогласеност произлегува од фактот дека кај нас и повредите на редовниот пат до и од работа исто така се признаваат како повреди на работа.

И покрај неусогласеноста со дефиницијата на ЕУРОСТАТ треба да се одбележи дека нашите работници во овој момент користат поголеми и пошироки права по основа на повреди на работа отколку што е препорачаниот минимум кон кој обврзува Европската Унија. Процесот на усогласување со барањата на ЕУРОСТАТ се предвидува да се надминат со помош на соодветно дизајнирана пријава за повреди на работа.

## ДЕФИНИЦИЈА НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ БОЛЕСТИ

Според Европската статистика за професионални болести (EODS) под професионални болести се подразбира поголема група на болести кои не претставуваат посебни нозолошки единици, туку нивниот карактер го одредува професионалната експозиција. Овие болести настануваат како последица на специфично и исклучиво или предоминантно влијание на условите на работната средина врз здравјето на професионално изложените работници (occupational diseases). Европската Комисија ја дава индикативната листа на професионални болести кои можат да бидат признаени како професионални која содржи 110 можни професионални болести. Истовремено, таа ја дава и индикативната листа на болести поврзани со работата (work related diseases), за кои се знае дека значително почесто се јавуваат кај професионално експонираните работници, но во нивната етиологија, појава и развој играат улога и други фактори (наследни, фактори на животната средина и др.).

## ДЕФИНИЦИЈА НА ПРОФЕСИОНАЛНИ БОЛЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во Република Македонија професионалните болести се дефинирани со Законот за пензиско инвалидско осигурување. Според овој Закон, професионални болести се определени болести причинети со подолго непосредно влијание на процесот и условите на трудот врз работната способност на осигуреникот.

За една болест да биде призната за професионална не е доволно само да биде утврдена нејзината поврзаност со присуството на професионалните штетни агенси на работното место, туку истата треба да биде внесена во Листата на професионални болести која е утврдена со националното законодавство (Сл. весник на РМ бр. 88/2004). Истовремено, треба да бидат исполнети сите услови и критериуми од оваа листа со кои се идентификуваат професионалните штетности во работната средина и се утврдуваат резултатите од клиничките и параклинички испитувања што треба да бидат спроведени за едно заболување да биде признаено за професионално.

Во важечката Листа на професионални болести во Република Македонија (Сл. весник на РМ бр. 88/2004) се преземени сите болести од индикативната листа на Европската Комисија и затоа нашата Листа содржи најголем број на професионални заболувања во однос на сите останати земји од Регионот и пошироко. На тој начин, и со овој акт нашите работници остваруваат поголеми

права од она што го остваруваат работниците во најголем број на земји во Европската унија и земјите од регионот.

Иако не е утврдено со Закон или со друг пропис или упатство за работа, сепак за признавање на една болест како професионална, неопходно е атрибутивната фракција на професионалната експозиција во појавата на болеста да биде поголема од 50%. Доколку таа атрибутивна фракција, според стручните упатства и евентуални протоколи за работа е утврдено дека изнесува помалку од 50%, тогаш станува збор за болест во врска со работата и во тој случај работникот нема право на остварување на дополнителни бенефиции кои се утврдени со Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Согласно одредбите во Законот за пензиско и инвалидско осигурување кај нас нема законски основи за признавање на болестите во врска со работата.

## ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОВРЕДИТЕ НА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Рамковата Директива 89/391/ЕЕЦ за безбедноста и здравјето на работниците на работа, во член 9, параграф с) и д) ја содржи одредбата за обврска на работодавачите да водат евиденција за несреќите на работа кои резултираат со неспособност за извршување на работните обврски повеќе од три дена, и во согласност со националните закони и правилници да подготвуваат извештаи за несреќите на работа во кои се инволвирани работниците. Оваа одредба од рамковната директива е вградена и во нашето национално законодавство. Така, во чл. 36 од Законот за безбедност и здравје на работа (Сл. Весник бр. 92/2007), работодавочот е должен веднаш, или најдоцна во рок од 48 часови да ја извести инспекцијата од областа на трудот за секој смртен случај, колективна несреќа и повреди на работа кои предизвикуваат времена неспособност на работа подолга од 3 работни денови. За таа цел Државниот инспекорат за труд има изготвено известување за несреќа на работа. Со чл. 9 од Правилникот за начинот на водење на евиденции од областа на безбедност и здравје на работа (Сл. Весник 136/2007), поблиску се регулира содржината и податоците за кои работодавачот мора да води евиденција во случај на професионални болести, заболувања во врска со работата, повреди на работа и смртни случаи при работа.

Во Република Македонија евиденциите за повреда на работа се уште се водат преку индивидуалните пријави за повреди на работа во т.н. Образец – индивидуален извештај ЕТ-8, а во согласност со член 17 од Законот за евиденции

во областа на здравството (Сл. Лист бр. 2/77). Оваа пријава содржи податоци кои ги пополнува работодавачот т.е. лицето назначено од него, докторот кој прв пружил здравствена услуга, а содржи и елементи кои се однесуваат на извршениот инспекциски надзор. Индивидуалниот извештај се пополнува во 8 примероци, од кои 1 останува кај работодавачот, а останатите се доставуваа во подрачната служба на Фондот за здравствено осигурување, од каде се дистрибуираат до останатите извештајни субјекти – Центите за јавно здравје. Центрите се должни најдоцна до 5-ти во тековниот месец да ги достават извештаите за претходниот месец до Институтот за јавно здравје на Република Македонија.

Евиденцијата на професионалните болести се уште се води преку индивидуалниот извештај за професионално заболување на Образец МЗС/07,а врз основа на Законот за евиденции во областа на здравството (Сл. Весник бр. 37/79).

Во 2009 година беше донесен новиот Закон за евиденции во областа на здравството (Сл. Весник РМ бр. 20/2009) и со овој Закон поблиску се регулираат обврските во водењето на индивидуалните и збирните евиденции.

Согласно чл. 5 од овој закон ( а и понатамошните негови измени и дополнувања), единствени овластени носители на здравствената статистика за евиденциите што се водат во здравствените установи е Републичкиот завод за здравствена заштита, а сега Институт за јавно здравје и 10-те Центри за јавно здравје во Републиката. Овој член ги обврзува ***<u>сите здравствени установи</u>*** да доставуваат збирни и индивидуални евиденции во зависност од дејноста што ја вршат. Индивидуалните евиденции за професионални болести и повреди на работа се утврдени со чл. 8, точка 15 и точка 25. Здравствените установи пополнетите индивидуални евиденции ги доставуваат до соодветните Центри за јавно здравје,а овие до Националниот систем за електронски евиденции во здравството. Формата и содржината на индивидуалните пријави, како и начинот на пополнување, доставување, обработување и чување ги пропишува министерот за здравство. Според чл. 11, врз основа на овие индивидуални евиденции во Институтот за јавно здравје се воспоставуваат соодветните регистри, а во конкретниот случај тоа се регистарот за професионални болести и регистарот за повреди на работа.

Имајќи ги во предвид овие законски обврски, Институтот за јавно здравје ја презеде иницијативата за регулирање на оваа материја, формираше работна група и во текот на 2010 и 2011 година се одржаа редица експертски средби и консултации и се изготвија работни верзии на сите пријави, вклучувајќи ги и индивидуалните пријави за професионални болести и повреди на работа.

Пријавите беа конципирани и изработени во согласност со национлното право во оваа област и целосно беа усогласени со Европската статистика за повреди на работа (ESAW – Eropean Statistic for Accidents at Work) и европската статистика за професионални болести (EODS - European Occupational Diseases Statistic). Работните верзии на пријавата за повреда на работа и за професионални болести беа испратени за стручно мислење до сите релевантни институции и здруженија, а свои забелешки достави само Државниот инспекторат за труд.

По ова, а врз основа на чл. 14, точка 2 од Законот за евиденции во областа на здравството, усогласените верзии на пријавата за професионални болести и за повреди на работа (заедно со сите останати индивидуални евиденции) беа доставени на разгледување и барање на мислење до Државниот завод за статистика и Дирекцијата за заштита на лични податоци. По усогласување на методолошките принципи и статистички стандарди (дефиниции, класификации и номенклатури), работната група во Институтот за јавно здравје пристапи кон изработка на финалната верзија на пријавите за професионални болести и повреди на работа. Овие пријави (заедно со сите останатите усогласени индивидуални евиденции) се доставени до Министерството за здравство и се очекува усвојувањето на Правилникот за евиденции во областа на здравството кој треба да го донесе ова ресорно Министерство. Донесувањето на овој акт претставува законска и стручна основа за отпочнување на практичната примена на Законот за евиденции во областа на здравството и воспоставување на Регистрите за професионални болести и повреди на работа.

## СОСТОЈБА ВО ВРСКА СО ПОВРЕДИТЕ НА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2014 - 2015 ГОДИНА

Во анализата на состојбата за повредите на работа во Република Македонија се користени податоците од пријавите за повреда на работа и индивидуалните извештаи ЕТ-8, кои Институтот за јавно здравје ги добива преку Центрите за јавно здравје и Фондот за здравствено осигурување, а според претходно важечката методологија за прибирање и обработка на здравствено-статистичките податоци.

Во текот на 2014 - 2015 година Институтот за јавно здравје добиваше редовни извештаи за повредите на работа од Центарот за јавно здравје – Битола, Центарот за јавно здравје – Велес и неговите единици од Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Центарот за јавно здравје Тетово и подрачната единица на Фондот за здравствено осигурување – Скопје.

Според овие податоци во текот на  2014 година се забележани 975 повреди на работа, од кои и понатаму најголем број се оние забележани во индустријата и рударството и тоа вкупно 312 повреди или 32,0% од вкупниот број на повреди на работа. Потоа следат повредите кај останати осигурени лица кои во структурата на вкупните повреди на работа учествуваат со вкупно 136 повреди или 13,9%, повредите кај општествено политички организации со вкупно 116 повреди или 11,9%, сообраќај и врски со 111 повреди или 11,4% и повредите настанати во здравство и социјална заштита со 101 повреди или 10,4% од вкупниот број на регистрирани повреди на работа за 2014 година.

Во текот на 2015 година се забележени 1222 повреди на работа, што претставува зголемување во однос на претходната извештајна година од околу 20,0%.

Во структурата на регистрираните повреди на работа во 2015 и понатаму најголем број се оние забележани во индустријата и рударството и тоа вкупно 512 повреди или 42,0% од вкупниот број на регистрирани повреди. Потоа следат повредите кај останатите осигурани лица  кои во структурата на вкупните повреди на работа учествуваат со 330 повреди или  27,0%, повредите во здравството и социјалната заштита со 163 или 13,3%, сообраќај и врски со 85 повреди или 7,0% и повредите настанати во угостителството и туризам со 25 или 2,0% од вкупниот број на регистрирани повреди на работа за 2015 година.

Најголем број на повреди на работа во двете извештајни години (2014 и 2015 година)  се регистрирани во индустријата и рударството, при што во 2015 година се забележува зголемување на бројот на регистрирани повреди на работа за околу 64,0% во однос на 2014 година.

На второ место и во  двете извештајни години се наоѓаат повредите регистрирани кај останатите осигурани лица, при што  зголемувањето на повредите на работа во 2015 година изнесува 150,0%.

Во 2014 година на трето место се рангирани повредите кај општествено политичките организации , додека пак во 2015 година на трето место се рангирани повредите регистрирани во здравството и социјалната заштита. При тоа повредите регистрирани во општествено политичките организации бележат намалување за 11 пати во однос на 2015 година, додека пак повредите во здравството и социјалната заштита во 2015 година се зголемени за 61,0%.

Повредите на работа регистрирани во сообраќајот и врските и во 2014 и 2015 година го завземаат четвртото место, па затоа можеме да кажеме дека постои

намалување на вкупниот број на регистрирани повреди на работа во 2015 година во однос на 2014 година за околу 23,0%.

Во угостителството и туризмот се регистрирани 2,0% повредени од вкупниот број на повреди на работа за 2015 година. Тие се рангирани на петто место и споредбено со 2014 година нивниот број е зголемент за околу 8,0%.

Во градежништвото, кое традиционално претставува едно од најризичните дејности за појава на повреди на работа во 2015 година се регистрирани вкупно 19 повреди на работа, што претставува 1,5% од вкупно регистрираните повреди во извештајниот период. Во истата дејност во 2014 година се регистрирани вкупно 74 односно 7,6% повредени работници. Овие податоци наизглед делуваат невообичаено и токму поради тоа треба уште еднаш да се истакне дека повредите на работа во градежништвото во 2015 година се намалени за 74%.

Најмал број на повреди на работа се регистрираат кај вработените кои работат со финансиски и други услуги, останатите групи на осигуреници и стамбено - комуналните дејности, општествено политички организации, образование и култура, водостопанство, занаетчиство и лични услуги. Во вкупната структура на повреди на работа секоја од овие дејности учествува со нецели 1,0%.

Податоците за структурата на повредите на работа според дејности во периодот 2014-2015 година се прикажани во табела бр.1.

**Табела бр. 1**. ПОВРЕДИ НА РАБОТА РЕГИСТРИРАНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2014 - 2015 ГОДИНА

| Стопанска дејност | 2014 | % | 2015 | % |
|---|---|---|---|---|
| **01.Индустрија и рударство** | 312 | 32,0 | 512 | 42,0 |
| **02.Земјоделство и рибарство** | 1 | 0,1 | 17 | 1,4 |
| **03.Шумарство** | 17 | 1,7 | 24 | 2,0 |
| **04.Водостопанство** | 13 | 1,3 | 5 | 0,4 |
| **05.Градежништво** | 74 | 7,6 | 19 | 1,5 |
| **06.Сообраќај и врски** | 111 | 11,4 | 85 | 7,0 |
| **07.Трговија** | 15 | 1,5 | 10 | 0,8 |
| **08. Угостителство и туризам** | 3 | 0,3 | 25 | 2,0 |
| **09.Занаетчиство и лични услуги** | 17 | 1,7 | 7 | 0,6 |
| **10.Стамбено-комунални дејности** | 14 | 1,4 | 4 | 0,3 |
| **11.Финансиски и други услуги** | 1 | 0,1 | 3 | 0,2 |
| **12. Образование и култура** | 44 | 4,5 | 8 | 0,7 |
| **13. Здравство и социјална заштита** | 101 | 10,4 | 163 | 13,3 |
| **14.Општествено политички организации** | 116 | 11,9 | 10 | 0,8 |
| **15.Останати осигурени лица** | 136 | 13,9 | 330 | 27,0 |
| **ВКУПНО** | **975** | **100** | **1222** | **100** |

***Извор: Институт за јавно здравје на РМ**

**Графикон бр.1.** ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕГИСТРИРАНИ ПОВРЕДИ НА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СПОРЕД ДЕЈНОСТИ ВО 2014 - 2015 ГОДИНА




| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 312 | 1 | 17 | 13 | 74 | 111 | 15 | 3 | 17 | 14 | 1 | 44 | 101 | 116 | 136 |
| 2015 | 512 | 17 | 24 | 5 | 19 | 85 | 10 | 25 | 7 | 4 | 3 | 8 | 163 | 10 | 330 |

**Легенда**

**1. Индустрија и рударство**
**2. Земјоделие и рибарство**
**3. Шумарство**
**4. Водостопанство**
**5. Градежништво**
**6. Сообраќај**
**7. Трговија**
**9. Занаетчиство и лични услуги**
**10. Стамбено – комунална дејност**
**11. Финансиски и други услуги**
**12. Образование и култура**
**13. Здравство и социјална заштита**
**14. Општествено политички организации**
**15. Останати осигурани лица**

Во структурата на вкупниот број на повреди на работа во 2014 и 2015 година значително повеќе има повредени работници од машкиот пол. Така во 2014 година 713 т.е 73,0% од сите повреди се регистрирани кај работниците односно 800 т.е 65,0% вкупно регистрирани повредени работници во 2015 година. Во структурата на повредите според пол во 2014 година работничките учествуваат со 27,0%, односно со 35,0% во 2015 година.

Податоците за половата структура на повредите на работа за 2014-2015 година се прикажани на табела бр.2 и графикон бр.2.

**Табела бр. 2.** ПОВРЕДИ НА РАБОТА СПОРЕД ПОЛ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2014-2015 ГОДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| Стопанска дејност | 2014 | | | 2015 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | мажи | жени | Вкупно | мажи | жени |
| | број | број | број | број | број | број |
| 01.Индустрија и рударство | 312 | 249 | 63 | 512 | 421 | 91 |
| 02.Земјоделство и рибарство | 1 | 1 | 0 | 17 | 13 | 4 |
| 03.Шумарство | 17 | 17 | 0 | 24 | 21 | 3 |
| 04.Водостопанство | 13 | 10 | 3 | 5 | 3 | 2 |
| 05.Градежништво | 74 | 73 | 1 | 19 | 18 | 1 |
| 06.Сообраќај и врски | 111 | 85 | 26 | 85 | 65 | 20 |
| 07.Трговија | 15 | 10 | 5 | 10 | 5 | 5 |
| 08. Угостителство и туризам | 3 | 2 | 1 | 25 | 20 | 5 |
| 09.Занаетчиство и лични услуги | 17 | 12 | 5 | 7 | 6 | 1 |
| 10.Стамбено-комунални дејности | 14 | 13 | 1 | 4 | 3 | 1 |
| 11.Финансиски и други услуги | 1 | 1 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 12. Образование и култура | 44 | 10 | 34 | 8 | 2 | 6 |
| 13. Здравство и социјална заштита | 101 | 38 | 63 | 163 | 27 | 136 |
| 14.Опш.политички организации | 116 | 99 | 17 | 10 | 10 | 0 |
| Останати осигурени лица | 136 | 93 | 43 | 330 | 183 | 147 |
| **Вкупно** | **975 (100,0%)** | **713 (73,0%)** | **262 (27,0%)** | **1222 (100,0)** | **800 (65,0%)** | **422 (35,0%)** |

***Извор: Институт за јавно здравје на РМ**




**Графикон бр. 2**. ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ПОВРЕДИТЕ НА РАБОТА СПОРЕД ПОЛ ВО 2014 -2015 ГОДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Најзначаен индикатор за проценка на движењето на повредите на работа претставува користењето на стандардни статистички индикатори. Според единствената методологија за следење на повредите на работа (ESAW) индикаторот кој се користи за утврдување на движењето на повредите на работа во испитуваниот период, што истовремено овозможува и споредување на утврдените вредности, односно компаративно прикажување во однос на состојбите регистрирани во други земји и региони е индексот на фреквентност (инциденција). Овој статистички индикатор уште се нарекува и стапка на повреди на работа. Со употребата на овој статистички индикатор бројот на регистрирани повреди се пресметува во однос на 100.000 работници. Така, во 2014 година стапката на повреди на работа во Република Македонија изнесува 141,3/$_{100.000}$. Тоа значи дека во текот на годината на секои 100.000 работници се повределе 141 работник. Во 2015 година стапката на повреди на работа во Република Македонија изнесува 173,1/$_{100.000}$.. Тоа значи дека во текот на годината на секои 100.000 работници се повределе 173 работници, што во однос на претходната година претставува зголемување за 20%.

Податоците за движење на стапката на повреди на работи во Република Македонија за периодот 2014-2015 година се прикажани на Табела бр. 3

**Табела бр. 3** СТАПКА НА ПОВРЕДИ НА РАБОТА НА 100.000 ВРАБОТЕНИ ВО ПЕРИОД 2014 - 2015 ГОДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | 2014 | 2015 |
|---|---|---|
| **Вкупно повреди на работа** | **975** | **1222** |
| **Број на вработени** | **690 188** | **705 991** |
| **Стапка на повреди на 100 000 вработени** | **141,3** | **173,1** |

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Информацијата за состојбите со повредите на работа се прикажани податоци со кои располага Институтот за јавно здравје на Република Македонија, а се добиени преку Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија.
2. Во текот на 2014 година во Институтот за јавно здравје на Република Македонија се регистрирани 975 повреди на работа. Во наредната 2015 година се регистрирани 1222 повреди, што претставува зголемување на апсолутниот број на регистрирани повреди за околу 20,0%.
3. Најголем број на повреди на работа и кај двете извештајни години (2014 и 2015 година) се регистрирани во индустријата и рударството, односно имаме зголемување на бројот на регистрирани повреди на работа во 2015 година за околу 64,0% во однос на 2014 година.
4. На второ место и кај двете извештајни години се наоѓаат повредите регистрирани кај останатите осигурани лица, што може да забележиме дека постои зголемување на повредите на работа во 2015 година во однос на 2014 година за 150,0%.
5. Во 2014 година на трето место се рангирани повредите кај општествено политичките организации, додека пак во 2015 година на трето место се рангирани повредите регистрирани во здравството и социјалната заштита. При тоа повредите регистрирани во општествено политичките организации бележат намалување за 11 пати во однос на 2015 година, додека пак повредите во здравството и социјалната заштита во 2015 година се зголемени за 61,0%.
6. Повредите на работа регистрирани во сообраќајот и врските и во 2014 и 2015 година го завземаат четвртото место при што се регистрира намалување на вкупниот број на регистрирани повреди на работа во 2015 година во однос на 2014 година за околу 23,0%.
7. Во угостителството и туризмот регистрирани 2,0% повредени од вкупниот број на повреди на работа за 2015 година. Тие се рангирани на петто место и споредбено со 2014 година нивниот број е зголемент за околу 8,0%.
8. Во градежништвото кое традиционално претставува едно од најризичните дејности за појава на професионални болести се регистрирани вкупно 19 повреди на работа во 2015 година, што претставува 1,5% од вкупно регистрираните повреди во извештајниот период. Во истата дејност во 2014 година се регистрирани вкупно 74 односно 7,6% повредени работници. Овие

податоци наизглед делуваат невобичаено и токму поради тоа треба уште еднаш да се истакне дека повредите на работа во градежништвото во 2015 година се намалени за 74,0%.

9. Најмал број на повреди на работа се регистрираат кај вработените кои работат со финансиски и други услуги, останатите групи на осигуреници и стамбено - комуналните дејности, општествено политички организации, образование и култура, водостопанство, занаетчиство и лични услуги. Во вкупната структура на повреди на работа секоја од овие дејности учествува со нецели 1,0%.

10. Во структурата на вкупниот број на повреди на работа во 2014 и 2015 година значително повеќе има повредени работници од машкиот пол. Така во 2014 година 713 т.е 73,0% од сите повреди се регистрирани кај работниците односно 800 т.е 65,0% вкупно регистрирани повредени работници во 2015 година. Во структурата на повредите според пол во 2014 година работничките учествуваат со 27,0%, односно со 35,0% во 2015 година.

11. Стапката на повреди на работа во Република Македонија (стапката на фрекфентност-инциденција) во 2014 година изнесува $141,3/_{100.000}$. Тоа значи дека во текот на годината на секои 100.000 работници се повредиле 141 работник. Во 2015 година стапката на повреди на работа во Република Македонија изнесува $173,1/_{100.000}$.. Тоа значи дека во текот на годината на секои 100.000 работници се повредиле 173 работници, што во однос на претходната година претставува зголемување за 20%.

12. И покрај напорите и заложбата на Владата преку воспоставување на современи методи и пристапи за унапредување на професионалното здравје, како што се законски решенија и подзаконски акти за превентивни здравствени прегледи, проценка на ризик, периодични прегледи и мерења, како и финансирање на насочени превентивни програми од Буџетот, а се со цел да се придонесе кон унапредување на професионалното здравје и превенцијата на повредите на работа и професионални болести, тоа не резултира со очекувано подобрување во утврдувањето и/или пријавувањето на професионални болести кај експонираните работници.

## ПРЕДЛОГ-МЕРКИ

1. Неопходно е воспоставување на интегриран систем за следење и пријавување на повредите на работа и професионалните болести кој би овозможил евидентирање и регистрирање на сите повреди на работа и професионални болести.

2. Основа за ваков пристап претставува Законот за евиденции во областа на здравството (Сл. Весник бр. 20/2009) и сите негови понатамошни измени и дополнувања. Според овие законски одредби неопходно е воведување на индивидуалната пријава за повреди на работа и професионална болест и отпочнување на видење на соодветните регистри.

3. Избраните (матичните) доктори треба да ги пополнуваат и да ги испраќаат пријавите за повреди на работа и професионални болести до Центрите за јавно здравје, а овие до Националниот систем заелектронски евиденции во здравството. Институтот за јавно здравје и понатаму ја има одговорноста за водење на регистрите за повреди на работа и професионални болести, како и обврската за водење на збирната евиденција во здравството во овие области.

4. Институтот за јавно здравје работи на изработка на упатството за водење на евиденцијата за повреди на работа и професионални болести, а веќе ја изработи Меѓународната класификација на професионалните болести и повреди на работа, а се со цел да се овозможи што побрза, поуспешна и поефикасна обука на здравствените работници за водење на оваа евиденција. По усвојување на соодветните извештајни обрасци, Институтот за јавно здравје ќе отпочне со соодветен тренинг за оние коишто ќе бидат вклучени во процесот на известување и евидентирање на повредите на работа и професионалните болести.

5. За унапредување на системот за регистрирање, пријавување,собирање и обработка на податоците за повредите на работа и професионалните болести неопходно е што поскоро донесување на Правилник за водење на индивидуалните евиденции и воспоставување на регистар за повреди на работа и професионални болести. Овој правилник треба да го донесе Министерството за здравство а врз основа на Законот за евиденции во областа на здравството, што претставува предуслов за отпочнување на новиот систем за евиденции во областа на здравството, вклучувајќи ги и повредите на работа и професионалните болести..

6. Институт за јавно здравје на Република Македонија располага со кадровски и технички услови за имплементација на интегриран софтверски систем за

евиденција на повреди на работа и професионални болести со кој би се овозможило редовно и навремено известување за повредите на работа.

7. Институтот за јавно здравје на Република Македонија ќе одржи обуки на сите лица кои учествуваат во процесот на пријавување на професионалните болести – лицата за безбедност на работа во претпријатијата, докторите од примарна здравствена заштита,овластените здравствени установи за здравје и овластените здравствени установи за безбедност на работа, како и инспекторите за труд.

8. Во текот на 2016 година се отпочна со примена на обврската за доставување на редовни месечни извештаи за извршената работа од страна на овластените здравствени установи за медицина на труд да до Институтот за јавно здравје, како единствена надлежна и со закон овластена институција за прибирање, обработка и анализа на здравствено статистичките податоци , согласно Законот за евиденции во областа на здравството (Сл. Весник РМ бр. 20/23009) и неговите измени и надополнувања. Во рамките на сеопфатниот и единствен здравствено-статистички систем во Република Македонија, овластените здравствени установи за медицина на труд треба задолжително да доставуваат податоци за вкупниот број на прегледи, утврдената здравствена состојба и работна способност до Институтот за јавно здравје. Тоа е уште еден елемент со кој ќе се обезбеди поголем опфат и квалитет на податоците за присуството на професионални болести и повреди на работа, а со тоа и преземање на планирани и насочени активности за превенција на болестите и унапредување на професионалното здравје на вработените.За жал одредени овластени установи за медицина на труд се уште не ја исполнуваат оваа обврска,со што се оневозмужува соодветно планирање и развој на здравјето на работа и посебно медицината на трудот кај нас.